# „Две групи на луѓе од пеколот не сум ги видел. Луѓе со камшици како опашки на крави со кои ги удираат луѓето и жени облечени, а голи, кои се нишаат при одење

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Две групи на луѓе од пеколот не сум ги видел. Луѓе со камшици како опашки на крави со кои ги удираат луѓето и жени облечени, а голи, кои се нишаат при одење, а главите им се како грба на „Бухт“ (долговратна камила). Тие нема да влезат во Џенетотниту ќе ја почувствуваат неговата миризба, а таа оддалеку се чувствува.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè предупредува за две групи луѓе кои ќе завршат во Џехенемот. Пратеникот не ги видел бидејќи не постоеле во негово време, туку ќе се појават после него: Првиот вид на луѓесе оние кои носат камшици долги колку кравји опашки со кои ги тепаат луѓето. Тие се полицијата и помошниците на неправедните владетели кои ќе ги угнетуваат недолжните луѓе. Вториот вид: жени кои ќе ја соблечат облеката на чедноста и срамот која им е природно вродена. Пратеникот рече дека тие формално се покриени, но во суштина се како голи. Имено, тие носат проѕирна облека која го отсликува нивната кожа, или едниот дел од телото го покриваат, а другиот го откриваат, и со тоа ја покажуваат својата убавина. Ги заведуват машките срца со нивниот начин на одење и облекување. Извртувајќи се додека одат, со што ги доведуваат другите во искушението и заблудата во која се наоѓаат и тие самите. Друга карактеристика за нив е тоа што нивните глави се како искривени грпки на камили. Тие ја менуваат формата на главата, зголемувајќи ја со обвиткување крпа над неа и слично. Пратеникот ги споредува нивните глави со грбовите на камилите бидејќи тие ја креваат косата и плетенките над нивните глави, а потоа косата се навалува на една од страните од главата. На сличен начин се навалува и грпката на камилата. Голема закана на оној свет е за оние жени кои ги имаат овие карактеристики. Тие нема да влезат во Џенетот, ниту ќе му се приближат, ниту ќе го помирисаат неговиот мирис, иако тој се чувствува на голема далечина.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee